# СВЕТИЛНИЦИ НА МАКЕДОНИСТИКАТА ВО СВЕТОТ

**(Поздравно обраќање на ректорката Биљана Англова**
**на Свеченото отворање на Четвртата зимска школа**
**на МСМЈЛК при УКИМ во Скопје)**

Почитувани македонисти, слависти, балканолози, филолози, кутуролози, преведувачи и афирматори на македонистиката во светот,

Почитуван проф. д-р Александар Скепаровски, проректор за меѓународна соработка,

Почитувана проф. д-р Кристина Николовска, директор на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ,

Почитувани членови на Советот на Меѓународниот семинар при УКИМ во Скопје,

Почитувани предавачи, професори, лектори и писатели,

Ви посакувам добредојде на Четвратата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје којашто се одржува во годината кога најстариот државен и најреномиран **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ ќе го одбележи 75-годишниот јубилеј од основањето.** Горди на традицијата и на името на патроните на нашиот Универзитет, големите мисионери на сесловенската писменост и култура, и оваа година ги отвораме вратите на *македонистиката* – кон вас, кон *македонистите* од целиот свет.

Чекорејќи по патот на епохалните просветители и првоучители Светите Кирил и Методиј, и верните им ученици и наследници Свети Климент Охридски и Свети Наум Охридски, ве покануваме на ново *македонистичко патување* - низ истражување на богатата македонистичка филолошка наука. И долга е патеката на развој на македонистиката, колку што е долг нашиот културен и историски *неоодод,* кажно со речникот на великанот Гане Тодоровски.

Четвртата зимска школа се одвива во знакот на големите јублеи на великаните: **150 години од раѓањето на Крсте Мисирков, 95 години од раѓањето на Гане Тодоровски и 90 години од раѓањето на Петре М. Андреевски**.

И за респект е големата и комплексна дејност на МСМЈЛК при УКИМ, која се развива 57 години. Меѓународниот семинар е од особен интерес за УКИМ, и според програмските определби на ректорот на Универзитетот и според приоритите на Унверзитетот.

Дејноста на МСМЈЛК при УКИМ е импресивна – одржани се **56 летни школи** и **три зимски школи,** на кои учествувале повеќе од **4000 учесници** од **над 60 земји,** афирмирани македонисти, слависти, балканолози, филолози, професори по македонски јазик и литература на странските универзитети, научни работници и студенти што го изучуваат македонскиот јазик на нашите лекторати и универзитетите во светот, преведувачи и афирматори на македонистиката во светот.

Меѓународниот семинар е реномирана матица и активен расадник на *македонистиката* во светот, а својата дејност ја развива преку **11 македонистички лекторати во 9 земји:** Франција, Руската федерација, Турција, Хрватска, Полска, Унгарија, Романија, Кина, а неодамна и во Албанија, кадешто на 18 јануари отворивме нова страница

на македонистиката, преку **повторно отворање на лекторатот по македонистика на Универзитетот во Тирана.**

Освен лекторатите, семинарот има соработка и со многу универзитетски центри во странство на кои се изучува македонистиката.

Почитувани македонисти,

Искажувам почит кон вашиот интерес за македонскиот јазик, литература и култура, поттикнат од програмските содржини на најновото издание на Четвртата зимска школа.

Вие, кои со прекрасен ентузијазам чекорите по скалите на македонистиката, запознавајќи збор по збор, освојувајќи стих по стих, растејќи строфа по строфа – за нас **претставувате *свеш̄илници* на македонистиката во светот.**

Вие сте репрезент на новата енергија, новите идеи за развој на македонистиката, поведени од своите професори и лектори на патот кон научното осветлување на македонистиката. Ви благодариме што со децении ја умножувате, ширите и застапувате македонистиката насекаде низ светот преку лингвистичка, книжевна, културолошка или преведувачка дејност.

Годинава, радува фактот што со нова енергија, но и со нов пристап, нов високоосмислен концепт ќе имате можност да се запознаете со богата лепеза од програмски содржини, предавани од еминентни професори и лектори. Ова издание го краси висока креативност, инвентивност и отворање кон суштински теми од лингвистика, наука за книжевност, културологија и препрев.

Верувам дека вашата студиозна посветеност на изучување на македонскиот јазик, ќе даде конкретни резултати, а и дека книжевно-културолошките теми ќе ве збогатат со знаење и ќе Ве поттикнат за нови проекти.

Со радост очекуваме резултати и од Преведувачка работилница од којашто очекуваме нови препеви на поезијата на Гане Тодоровски и Петре М. Андреевски, од кои потоа би составиле *Зборници ӣоезија со кажувачки.*

Новитет на најновото издание на Зимската школа е пошироко отворање на мрежите на соработка, што е во согласност со концептот на отворен универзитет како што е УКИМ.

Навистина радува фактот што преку своите неуморни заложби, Меѓународниот семинар годинава успеа да привлече, досега рекорден број - **81 семинарист од 21 земја од целиот свет:** НР Кина, САД, Австралија, Германија, Франција, Турција, Полска, Словенија, Чешка Република, Унгарија, Грција, Бугарија, Романија, НР Кореја, Јапонија, Хрватска, Србија, Руска федерација, Украина, Италија и Тајланд.

**Големиот интерес е потврда дека македонистичката мрежа од целиот свет е во постојана експанзија и во охрабрувачки подем.** Македонистите од светот сѐ повеќе покажуваат интерес кон: изучување на македонскиот јазик, македонската книжевност и кулутра, а за тоа МСМЈЛК при УКИМ искажува отвореност и подготвеност.

Ја поздравувам работата на Советот на Меѓународиот семинар и неуморната посветеност и непресушна креативност на директорката на семинарот проф. д-р Кристина Николовска.

Ги поздравувам **еминентните македонски писатели** како академик Влада Урошевиќ, Јордан Плевнеш и Венко Андоновски, и младиот талент Македон Димитровски. Преставувањето на нивната творечка дејност е извонредна и ретка можност за запознавање со нивните творечки светови и воедно значајна афирмација на македонското творештво во светотот.

Од денес Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ ќе биде **македонистичка „дома“**, филолошка „дома“, во духот на славната идеја на бесмртникот Коста Рацин кој низ стих вели: „куќа цел свет братски ми е“.

Така и овие виртуелни „училници“, почитувани слависти, од денес, цела седмица ќе бидат раскошна македонистичка „куќа“ на знаењето, писменоста и филологијата.

Големиот Блаже Конески, *јазикот* го доживува како метафора за *татковина* и како прекрасен симбол за *дом, огниште:*

„Јазикот е единствената наша татковина. Сѐ додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште.“

Така и ние – во јазикот сме *дома,* но и *куќа* „цел свет братски ни е“.

Нам, патоказ ни се мислите на нашите големи творци како академик Влада Урошевиќ, којшто ни порачува:

„Македонскиот писател денес не се чувствува затворен во тесните рамки на својот јазичен простор. Тој, благодарение на сѐ поразвиените средства на комуникација – и на вашите напори, драги наши пријатели, сѐ повеќе е граѓанин на светот. Она што Рацин, пред сто години, го сонуваше низ стихот „куќа цел свет“, станува наша реалност.

За тоа, вие што го изучувате и го афирмирате македонскиот јазик и македонската литература, имате голема заслуга. Вие сте наша најсилна врска со светот.“

Почитувани,

Денес праќаме порака до светот дека: Сите сме *писмо.* Сите сме *порака*. И сите подаваме *рака на соработка и дијалог.*

И докажуваме дека *македонистиката е дијалог* и *соработка* на оние кои допрва се запознаваат преку македонскиот јазик, како и оние кои се веќе длабоко навлезени во неговите длабочини или ги откриваат „океаните“ на раскошната македонска книжевност, славната македонска поезија, музика, уметност, творештво и култура, оти:

„Песната на Македонија е нејзина молитва, огледало на нејзината душа и нејзина воздишка.“ – вака ќе нé претстави монументалниот Коста Рацин.

Нашата историја, нашата културна меморија е – *к н и г а.* Во македонскиот код е врежана меморијата на *праписмото* на *сесловенската писменост и култура*, во нашиот прозбор, за навек е всадено словото, а во постулатите на нашата наука, засекогаш остануваат фундаментите на филолошката наука на епохалните мисионери и просветители Свети Кирил и Методиј, и верните им ученици Свети Климент Охридски и Свети Наум Охридски.

Прасловото, празборот, корените на филологијата...

И можеби тоа е она што писателот Венко Андоновски поетизирано го препозна како „татковината на светлината“:

„(...) македонскиот јазик се сеќава на првата словенска буква, ја помни прататковината на светлината наречена писменост. Затоа што сите мислечки луѓе се интересираат за *прапочетокот*, за првата причина на сите последици. Затоа што македонскиот јазик е татковина не само на македонскиот народ, туку и на сите народи кои ги интересира *прасловото*, праматеријата на европскиот хуманизам и европската словесност. Затоа што за влез во секоја татковина ви треба пасош, а за влез во прататковината на светлината не ви треба ништо, освен љубов кон почетоците.“

Или можеби е тоа она што проф. д-р Димитар Пандев го обзнани како големо јавно признание дека: „Охридската книжевна школа прерасна во Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а негов најдобар меѓународен претставник е Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.“, или пак е она што директорката Кристина Николовска, во духот на Гане Тодоровски, поетизирано го нарече „македонистички гордорек“ како - јаично, книжевно, културолошко и препевно македонствување. *Гордорек*, но и *недотек.*

Гордо речено, но и недотечено... е таков е нашиот гордоод по словата, по македонскиот ни јазик, по книжевната ни реч, по културниот ни зафат.

Почитувани,

Имам чест да се удостојам за свечениот миг и **да ја прогласам за отворена Четвртата зимска школа на Семинарот за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и да ја прогласам 2024 за ГОДИНА НА МАКЕДОНИСТИКАТА.**

Со тоа ја поддржувам идејата на директорката на Меѓународниот семинар при УКИМ оваа година да биде **празник на македонистиката,** кај нас и насекаде во светот – со дела и со достигнувања.

проф. д-р Биљана Ангелова,
ректор на УКИМ во Скопје

Скопје, 22.01.2024.